# ПОГЛАВЈЕ V. РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

**ВОВЕД**

V.1 РАКУВАЊЕ СО СУРОВИНИ, МЕЃУПРОИЗВОДИ И ПРОИЗВОДИ

V.2 ОПИС НА УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

V.2.1 Животински измет, урина и ѓубриво (гној)

V.2.2 Мил од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи

V.2.3 Отпад од животинско ткиво

V.2.4 Комерцијален (комунален) отпад

V.2.5 Медицински отпад

V.2.6 Метален отпад

V.3 ОДЛОЖУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО ГРАНИЦИТЕ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

**Попис на прилози**

**ВОВЕД**

Во ова поглавје е опишан начинот на ракување и постапување со материјали: суровини, горива, меѓупроизводи и производи, како и со отпадот во рамките на Инсталацијата.

Севкупниот создаден отпад е категоризиран според неговите својства во опасен и неопасен отпад согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник 216/2021) и Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005). Наведени се детали за сите видови и количини отпад кои се создадени на локацијата, вклучувајќи вид, опис и природа на отпадот и изворот на негово создавање.

Прикажан е начинот на користење на отпадот од страна на Операторот, со кој се врши целосна трансформација на отпадот во корисна материја – органско земјоделско ѓубриво. Дадени се информации за начинот на привремено одлагање на отпад во кругот на Инсталацијата, предавањето на различните видови отпад на правни лица со соодветни дозволи издадени од органот надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, како и за депонирање на отпад во границите на Инсталацијата.

**V.1 РАКУВАЊЕ СО СУРОВИНИ, МЕЃУПРОИЗВОДИ И ПРОИЗВОДИ**

Во Инсталацијата се применуваат воспоставени практики при ракувањето со суровините, меѓупроизводите и производите кои искуствено се утврдени и се покажале како оптимално поволни и ефикасни за работниот процес.

<u>Небукарените назимки и нерезите</u> имаат статус на основни суровини во Инсталацијата. Обновата на стадото се врши од сопствено производство и од набавка од деловен партнер од Данска. На Свињарската фарма назимките се испорачуваат на возраст од 6 до 7 месеци, со комплетно спроведена ветеринарна заштита. По пристигнувањето, се сместуваат во објект за изолација односно се ставаат во карантин, каде остануваат 40 дена како превентивна заштитна мерка од заразни болести. Овој период е истовремено и период на нивна адаптација, по што животните се преместуваат во објект Назимарник со што започнува циклусот на одгледување.

Во групата на основни суровини спаѓа и <u>добиточната храна</u>, за која се применува утврдена процедура на прием, складирање и употреба. Добиточната храна се набавува од

Фабриката за сточна храна (Уни Агро доо - Подружница Силоси и погон за производство на сточна храна, с.Каратманово), од каде се транспортира со камион-цистерна. Според планот за работа, се утврдува кој вид концентрат треба да биде обезбеден во кој ден. Мешање на различни видови концентрати во камион-цистерната нема. Добиточната храна при набавката е во рефузна состојба, не е спакувана. По приемот, се префрла во соодветниот силос, непосредно до објектот, зависно од видот на храната. Префрлувањето се изведува со помош на компримиран воздух по принцип на пневматски транспорт. Внатрешните површини на транспортните системи, како и приемните силоси за добиточна храна редовно се чистат и дезинфицираат.

Помошни и потрошни материјали кои редовно се набавуваат се и средствата за ДДД заштита (дезинфекција, дезинсекција, дератизација) и средствата за здравствена заштита на стадото (антибиотици, вакцини, витамини, минерали итн.). Нивното складирање, чување и ставање во употреба се извршува според утврдени работни процедури.

Средствата за дезинфекција и за одржување на хигиена по набавката се складираат во лимени шкафови во посебна просторија. Се користат редовно за одржување на хигиената и за дезинфекција на сите објекти и транспортни системи, вклучени во процесите на одгледување на свињи.

Средствата за здравствена заштита на животните за кои се потребни соодветни услови за чување, по набавката се чуваат во фрижидер со оптимални температурни услови во Ветеринарната амбуланта Уни Агро. Со Договорот за здравствена заштита на животни со арх.бр.03-88/1 од 04.10.2013г. со Подружница Ветеринарна амбуланта УНИ АГРО (Прилог бр.1) се уредени меѓусебните обврски за примарната заштита на животните, преземање на мерки неопходни за дијагноза, лекување, превентива и искоренување на заразните болести кај животните, превенција, лекување и дијагностицирање на други болести, повреди и хируршки операции на животните, третирање на репродуктивни болести и пореметување кај животните, следење на здравствената состојба на животните наменети за репродукција, спроведување мерки за превенција и лекување на стерилитет, дијагностика и третирање на болести на млечната жлезда, вештачко осеменување и ембриотрансфер, обезбедување на ветеринарни услуги и прва помош на животните во итни случаи, вршење на дезинфекција, деконтаминација, санитација, деодорација и радикација на штетниците. Побарувањето и користењето на овие средства е во

надлежност и под надзор на одговорниот Доктор на ветеринарна медицина од Свињарската фарма.

Според склучениот договор, Ветеринарната амбуланта ја има одговорноста за чување, складирање, употреба и манипулација со сите средства кои се користат во превентивната и здравствената заштита на животните.

Другите помошни и потрошни материјали се чуваат и складираат на соодветни места според нивната намена. Дизел горивото не се складира одделно освен неопходните количини во самиот резервоар во склоп на дизел-агрегатот. Мастите и маслата за подмачкување се чуваат во Објектот-Работилница, каде и се применуваат при поправките на опремата.

Ракувањето со готовите производи ги опфаќа постапките со произведените свињи-гоеници и прасиња, како производ од приоритетната дејност на фармата. Кога тие ќе достигнат тежина од 100кг жива мера/гоеник, се смета дека се во фаза на готов производ. Тогаш се тераат до објектот-Утоварна рампа, преку која се внесуваат во посебни возила за транспорт на жив добиток и се носат до одредена кланица на колење и понатамошна обработка.

Во свињарската фарма не се врши колење на свињи.

Описот на суровините, меѓупроизводите и производите е прикажан во Табелата IV.1.1 и Табела IV.1.2 Детали за суровини, меѓупроизводи и производи од Анекс I на Образецот на Барањето, а ракувањето со готовите производи во Поглавје II. Опис на Инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности во делот приказот на Објект-Колска вага и Објект-Утоварна рампа.

## V.2 ОПИС НА УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Како резултат на производствените процеси, во Инсталацијата за интензивно свињарство се создаваат неколку видови отпад:

1) Животински измет, урина и ѓубриво (гној)
2) Мил од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи

3) Отпад од животинско ткиво (трупови на умрени свињи)
4) Комунален отпад
5) Медицински отпад
6) Отпад од метал (од Работилницата)

Имајќи ги во предвид одредбите од Законот за управување со отпад (Сл.весник 216/2021), освен за отпадот од животинско ткиво – трупови на умрени свињи, кои се отстрануваат во согласност со прописите за нуспроизводи од животинско потекло, за сите други видови отпад пропишани се начини за постапување со кои се обезбедува избегнување и во најголема можна мера намалување на количината создаден отпад, искористување на употребливите состојки на отпадот, одржлив развој преку зачувување и заштеда на природните ресурси, спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, отстранување на отпадот на начин прифатлив за животната средина и висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Дел од отпадот кој се создава во Инсталацијата спаѓа во групата на биоразградлив отпад, во кој се одвиваат процеси на разградување со учество на аеробна и анаеробна микрофлора и кој понатаму може да биде искористен како ѓубриво.

Законот за управување со отпад (Сл.весник 216/2021) како „Медицински отпад" го дефинира отпадот што се создава во здравствените и ветеринарните установи и настанува како производ на употребени средства и материјали при дијагностицирање, лекување, третман и превенција на болести кај луѓето и кај животните.

Класификацијата на отпадот од Инсталацијата е извршена според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005).

V.2.1 Животински измет, урина и отпадни води

Овој вид отпад (тнр. Свинско ѓубриво) се јавува како резултат на физиолошките процеси на свињите. Претставува **суспензија од животински отпад** (фецес и урина) во вода и други дополнителни честички (прашина, остатоци од храна, влакна итн) кои вообичаено се

присутни во објектите за одгледување свињи. Операторот не користи слама во технолошкиот процес (за постилање под свињите).

Според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005) има шифра 02 01 06 и е неопасен отпад.

Се создава постојано (секој ден) во сите објекти за одгледување свињи, од каде понатаму се собира во посебни канали за изѓубрување. Празнењето на наполнетите канали е повремено, на неколку дена, кога ќе се собере поголема количина отпад. Под негов притисок се отвора клапната и отпадната вода истекува во отворените бетонски собирни базени - лагуни.

Во базените цврстата фракција се формира на површината на лагуните како резултат на процеси на деградација и минерализација на органската материја до неорганска со учество на присутна микрофлора. Под слојот со цврста фракција се наоѓа течна фракција од отпадни материи, а двете фракции заедно формираат суспензија од отпадни материи.

Цврстата фракција со помош на механизација се отстранува од базените, привремено се одложува на платоата непосредно до нив, се подложува на стабилизација, се товара на камиони и понатаму се користи како ѓубриво за земјоделски површини во сопственост на УНИ АГРО ДОО. По потреба, може да се аплицира и на други земјоделски површини врз основа на склучен договор (Прилог бр.VII.7 Договор со Агрософт дооел со арх.бр.03-99/1 од 19.11.2013г.). Дел од ова ѓубриво со помош на механизација и пумпи се повлекува од базените во камион-цистерни и се транспортира до земјоделските површини. Просечната годишна количина на овој вид отпад изнесува околу 22.000 тони годишно.

Квалитативната анализа на составот на свинското ѓубриво е презентиран во долната табела, а податоците се превземени од претходни истражувања на фарми за свињи кои применуваат иста технологија како Свињарската фарма во с.Азамбегово.

| **Поз.** | **ПОКАЗАТЕЛ** | **Природно ѓубриво** | **Течна фракција** | **Цврста фракција** | **Лагуна** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | pH вредност | 6,88 | 6,84 | 7,1 | 7,5 |
| 2. | Сува материја (%) | 3,57 | 2,34 | 21,22 | 1,25 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Пепел (%) | 0,76 | 0,73 | 2,23 | 0,45 |
| 4. | Органска материја (%) | 2,8 | 1,6 | 18,98 | 0,79 |
| 5. | N (kg/t) | 2,91 | 2,97 | 5,02 | 2,21 |
| 6. | $P_2O_5$ (kg/t) | 1,31 | 1,08 | 8,54 | 0,31 |
| 7. | $K_2O$ (kg/t) | 1,16 | 1,26 | 1,19 | 1,12 |

Извор: Студија за решавање на проблемот со загадување на животната средина со отпад од свињарските фарми (Скопје, 2002 м-р Владо Вуковиќ)

Во продолжение е даден табеларен приказ на количината и влажноста на екскрементите на различни категории свињи (kg/грло):

| Категорија на свињи | Влажност | Вкупно kg/грло (фецес+урина) | Фецес kg/грло | Урина kg/грло |
|---|---|---|---|---|
| Нерези | 89,4 | 11,1 | 4,6 | 6,5 |
| Маторици: | | | | |
| -од легло | 90,1 | 15,3 | 5,7 | 9,6 |
| -спрасни | 91,0 | 10,0 | 5,1 | 4,9 |
| -во припуст | 90,8 | 8,8 | 4,5 | 4,3 |
| Одбиени прасиња до 30kg | 86,0 | 2,4 | 1,0 | 1,4 |
| Гојни свињи над 80kg | 87,5 | 6,6 | 2,9 | 3,7 |

## V.2.2 Мил од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи

Објектите во кои се одгледуваат свињи редовно се чистат и дезинфицираат, како составен дел од прифатената технологија за одгледување свињи ,,Сите надвор-сите внатре''. Тоа значи дека кога свињите во одредена фаза од раст и развој ќе се иселат од објектот во кој дотогаш се чувале, тој задолжително се чисти и дезинфицира со употреба на вода и хигиенски средства и дезинфициенси.

Притоа се создава отпадна вода, исто така суспензија од вода и остатоци од екскременти, механички нечистотии (прашина, остатоци од храна, влакна) и остатоци од средствата за чистење и дезинфекција.

Оваа отпадна вода е посебен вид отпад, кој според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005) има шифра **02 01 01**: **Мил од миење и чистење** и е неопасен отпад. Се создава периодично, зависно од капацитетот на производство на фармата и динамиката на чистење на објектите.

Отпадната вода од миење и чистење преку каналите за изѓубрување се одведува во истите бетонските собирни базени, каде се собира заедно со животинскиот измет и урината од точка V.2.1 и понатаму се користи како органско земјоделско ѓубриво.

Собирните бетонски базени се лоцирани на слободно земјиште во границите на Инсталацијата. Во лагуните се одвиваат процеси на минерализација на органската материја преку биодеградација, со што од отпадни материи се добива квалитетно органско ѓубриво.

Годишната количина на овој вид отпад изнесува околу 2.000 тони годишно.

V.2.3 Отпад од животинско ткиво

Несакана, но присутна нуспојава при одгледување на свињи е појавата на одреден процент умрени (пцовисани) животни тнр. технолошка смртност на животните.

Овој процент е различен за различни фази на одгледување, при што најголем е во фазата на прасење и одгледување, а најмал во фазата на гоење.

Според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005) **Отпадот од животинско ткиво** има шифра **02 01 02** и е неопасен отпад**.**

Со законската категоризација на нуспроизводите од животинско потекло (НПЖП), сите НПЖП се класифицираат во три категории. Труповите од мртви животни спаѓаат во Категоријата 2 и се класифицирани како материјали со висок ризик.

Во Свињарската фарма секојдневно се врши контрола на умрени (пцовисани) животни. Доколку се открие таков случај, се постапува по претходно утврдена процедура која е во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло (Сл.весник 129/2023).

Умреното животно веднаш се количка се изнесува од објектот и се носи на определената локација во границите на Инсталацијата (Прилог II.12. Мапа на локацијата за одложување на умрени животни), каде првен се одложува во ископана јама, се третира (посипува) со

вар, а потоа се закопува и затрупува во слој на земја. Притоа, работникот задолжително користи лична заштитна опрема според пропишаните хигиенско-технички барања, а севкупната процедура за нештетно отстранување на лешевите обезбедува заштита на здравјето на луѓето и животната средина и заштита на здравјето на останатите животни на фармата.

Годишната количина на умрени животни односно вкупната маса на лешеви изнесува околу 80 тона.

V.2.4 Комерцијален (Комунален) отпад

Комерцијален отпад е секој друг отпад од правните и физичките лица при вршење на комерцијални, индустриски, трговски, услужни, административни и слични дејности и е сличен по природа или состав со отпадот од домаќинствата.

Според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005) има шифра 20 03 01 и е класифициран како неопасен отпад.

Во свињарската фарма, овој вид отпад се создава при вршење на административните работи, во просториите каде престојуваат вработените, од санитарните простории итн. Се собира во посебни контејнери и се предава на ЈКП Комуналец од Свети Николе, врз основа на склучен договор. (Прилог бр.V.2: Договор со ЈКП Комуналец-Свети Николе, арх. бр.0307-81/2 од 07.03.2017г.)

V.2.5 Медицински отпад

Според Законот за управување со отпадот (Сл.весник 216/2021), медицински отпад е отпадот што се создава во здравствените установи и ветеринарните установи и настанува како производ на употребени средства и материјали при дијагностицирањето, лекувањето, третманот и превенцијата на болестите кај луѓето и кај животните.

Од активностите на Свињарската фарма, поврзани со спроведување на здравствената заштита, третманот и лекувањето на животните и извршувањето на други работи од областа на ветеринарната дејност, се продуцира медицински отпад.

Во најголем дел тоа се пакувања од препарати за лекување и третман на свињите, дози од сперма, шприцеви, заштитни ракавици итн.

Секое пакување, кое содржело материја (супстанција) со опасни карактеристики, според законската регулатива за отпад и самото се третира како опасен отпад и за него важат сите одредби за постапување со опасниот отпад (Закон за управување со отпадот (Сл.весник 216/2021), Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.весник 146/2007), Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.весник 15/2008).

Секое пакување кое содржи остатоци или е загадено со опасни материи, според Листата на видови отпад (Сл.весник бр.100/2005) е категоризирано како опасен отпад и има шифра 15 01 10*.

Вкупните годишни количини на создаден и предаден отпад на овластеното правно лице со дозвола Ремондис Медисон ДОО Битола (поранешен Еко Клуб Битола) по години изнесуваат:

- 2018 година – 62kg
- 2019 година – 69kg
- 2020 година – 66kg
- 2021 година – 96kg
- 2022 година – 92kg
- 2023 година – 83kg

Просечната годишна количина на медицински отпад изнесува 78kg односно 0,078t.

Во инсталацијата овој вид отпад не се меша со другите видови отпад, одделно се собира во посебни контејнери – жолти кеси, соодветно се означува и се предава на овластено правно лице со дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад.

При предавањето на медицинскиот отпад редовно се пополнувани идентификациони и транспортни формулари, кои уредно се чуваат во евиденцијата на Операторот.

Во Прилог бр.V.3 е Договорот за превземање на медицински отпад со Ремондис Медисон ДОО Битола, со арх.бр.0307-084 од 04.03.2021г.

V.2.6 Метален отпад

Отпадот од метал се создава како резултат од поравки и сервисирање на опремата и објектите на фармата. Нивната амортизираност со текот на годините бара замена и поправки на делови и опрема, кои се извршуваат во Објектот Работилница.

Металниот отпад во Листата на видови отпад има шифра 02 01 10 и е неопасен отпад.

Се собира и уредно складира непосредно до Работилницата. Кога ќе се соберат поголеми количини метален отпад кој не може да биде употребен при следни поправки, се предава на овластено правно лице (Прилог бр.V.6 Фактура за предаден метален отпад, Идентификационен и Транспортен формулар). Операторот уредно води и чува евиденција за предадени количини метален отпад.

## V.3 ОДЛОЖУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО ГРАНИЦИТЕ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Еден дел од создадениот отпад врз основа на склучени договори со овластени правни лица се предава на понатамошно постапување, а останатиот дел привремено се одложува во границите на Инсталацијата.

Одложување се врши на локации за таа намена во границите на Инсталацијата и тоа на:

- Течното свинско ѓубриво (суспензија од отпадни води, фецес и урина) во непропустливи бетонски базени за понатамошен третман (види Прилог бр.II.8 Диспозиција на објекти со легенда);
- Милта (исушено и превриено ѓубриво) - на определена локација за привремено одложување (Прилог бр. II.14)
- Труповите на умрените (угинати) животни – лешеви, со закопување во земјена јама на утврдена локација (Прилог бр. II.12 Мапа на локацијата за одложување на умрени животни).

Операторот ја има во предвид законската одредба дека отпадот кој служи за понатамошна употреба може привремено да се одложува и чува во границите на инсталацијата до 3 години, а отпадот кој е наменет за депонирање до 1 година.

**ПОПИС НА ПРИЛОЗИ**

**Прилог бр.V.1:** Договор за здравствена заштита на животните со Ветеринарно друштво УНИ АГРО ДОО

**Прилог бр.V.2:**Договор со ЈКП Комуналец-Свети Николе, арх. бр.0307-81/2 од 07.03.2017г.

**Прилог бр.V.3**: Договор со Ремондис Медисон ДОО Битола

**Прилог бр.V.4**:Табела-Количини создаден и предаден медицински отпад по години (2018г.-2023г.)

**Прилог бр.V.5**: Испратница, Идентификационен и Транспортен формулар за медицински отпад

**Прилог бр.V.6:** Фактура, Товарен лист, Идентификационен и Транспортен формулар за метален отпад

**Прилог бр.V.2.1:** Табела ОТПАД – Користење/одложување на опасен отпад

**Прилог бр.V.2.2:** Табела ОТПАД – Друг вид на користење/одложување на отпад

**Прилог бр.V.1:** Договор за здравствена заштита на животните со Ветеринарно друштво УНИ АГРО ДОО со арх.бр.03-88/1 од 04.102013г.

ВЕТЕРИНАРНА АМБУЛАНТА ДОО с.Ново Село, ВЕЛЕС
УНИ АГРО
Бр. 03-88/1
04.10.2013 год.

Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги УНИ АГРО увоз - извоз ДОО Велес
УНИ АГРО
Бр. 03-88/1
04.10.2013 год.

Врз основа на член 41-а од Законот за ветеринарното здравство, се склучува

ДОГОВОР

На ден 04.10.2013 година помеѓу:

1. Уни Агро, со адреса с. Амзабегово, Свети Николе, ЕМБГ/ЕДБ 4004012508557 и РБО 161303844 застапувана од Ненад Стојанов како **НАРАЧАТЕЛ** и

2. Ветеринарното друштво Уни Агро застапувано од Управителот Ненад Стојанов со ЕДБ 4004012508557 како **ИЗВРШИТЕЛ**

**I. Предмет на договорот**

**Член 1**

(1) Предмет на овој Договор е вршење на активности од јавен интерес согласно Законот за ветеринарното здравство, Законот за идентификација и регистрација на животните, Годишната наредба за здравствена заштита на животните, како и други обврски кои произлегуваат при спроведување на мерките за превенција и сузбивање на заразни болести кои ќе бидат наредени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) Предмет на овој договор не се ветеринарни активности кои согласно Законот за ветеринарно здравство не претставуваат активности од јавен интерес.

(3) Дел од средствата за реализација на активностите од став (1) на овој член се обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година, додека останатите средства се на товар на Нарачателот. Висината на средствата која Извршителот ја наплаќа од Нарачателот е исклучиво во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

## II. Права и обврски на договорните страни

Член 2

Права и обврски на Извршителот

(1) Извршителот се обврзува за времетраење на овој договор да ги спроведува активностите од член 1 целосно, навремено, ефикасно, квалитетно и во согласност со пропишаните рокови согласно позитивните законски и подзаконски прописи,

(2) Извршителот не смее да одбие или непотребно да одложува извршување на активности кои се предмет на овој договор.

(3) Доколку Извршителот не е во можност континуирано и без прекин да ги извршува активностите кои се предмет на овој Договор или по негова вина Нарачателот претрпи одредени штети, Извршителот треба да ја надомести штетата за неизвршување или нецелосно извршување на договорените активности.

(4) Во случај Нарачателот да одбие или непотребно да одложува извршување на некоја активност или ненавремено да пријави промени, Извршителот го известува надлежниот официјалниот ветеринар. За настанатите штети Извршителот не сноси одговорност.

Член 3

Права и обврски на Нарачателот

(1) Нарачателот не смее да одбие или непотребно да одложува извршување на активностите кои се предмет на овој договор.

(2) Нарачателот е должен навремено да го известува Извршителот за настанатите промени заради запазување на роковите за спроведување на активностите од член 1 на овој договор.

(3) За време траење на овој договор, Нарачателот е должен да овозможи непречен пристап до одгледувалиштето, животните и документацијата и да пружи потребна помош за време на спроведувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

(4) Нарачателот е должен да ги подмири сите настанати трошоци за извршените услуги од страна на Извршителот кои произлегуваат од овој договор согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли во рок од _____ дена од денот на извршувањето на активноста.

(5) Непостапувањето по ставовите (1), (2), (3) или (4) од овој член кои ќе влијаат на непреченото спроведување на активностите од член 1 на овој договор ќе се смета за попречување на навремено извршување на обврските на Извршителот од овој договор, за што истиот нема да сноси одговорност за евентуално настанатата штета.

(6) Нарачателот не може да го раскине Договорот доколку ги нема подмирено сите обврски кои произлегуваат од овој договор. По подмирувањето на обврските Извршителот на барање на Нарачателот издава потврда.

III. Завршни одредби

Член 4

(1) За работите кои што не се предвидени со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Раскинувањето на овој договор се врши согласно Законот за ветеринарно здравство.

Член 5

(1) Договорните страни ќе настојуваат евентуалните спорови што ќе произлезат од извршувањето на овој договор да ги решаваат спогодбено.

(2) Доколку не се постигне спогодбено решавање на евентуалните спорови, ќе решава Основниот суд ______________.

Член 6

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 7

Овој договор е составен во 2 (два) еднакви примероци по еден за секоја договорна страна.

Д-р Јадранка Ј. Панова
доктор по ветеринарна медицина

ИЗВРШИТЕЛ  НАРАЧАТЕЛ

Управител,  Одгледувач,/Управител

3

**Прилог бр.V.2:** Договор со ЈКП Комуналец-Свети Николе, арх.бр.0307-81/2 од 07.03.2017г.

0301 – 6

**ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" – СВЕТИ НИКОЛЕ**
ул. Карпошева бр.82 2220 Свети Николе
тел. 032/443-837 факс. 032/444-333
e-mail: jkpkomunalecsvetinikole@yahoo.com
www.jkpsvetinikole.com.mk

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0307-81/2
7-03 2017 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**ДОГОВОР**

Склучен на ден 07.03.2014 година помеѓу:

1. **ЈКП „Комуналец" – Свети Николе** ул. Карпошева бр.82 жиро с/ка 240310000937179 даночен број 4025006108960 застапувано од Директорот Марјан Станојковски, во понатамошниот текст **давател на услугата**;
2. **УНИ АГРО ДОО** од Велес со седиште во с.Ново Село жиро с/ка 530100101571684 даночен број 4004012508557 застапувано од Ненад Стојанов, во понатамошниот текст **корисник на услугата**.

**Член 1**

Предмет на овој договор е превземање и транспорт на отпад (комунален, комерцијален – индустриски отпад) од имот – дворно место на корисникот на услугата и депонирање на отпадот на градската депонија од страна на давателот на услугата.

**Член 2**

Со решение бр.11-9407/3 од 17.11.2009 година Министерството за животна средина и просторно планирање му издаде дозвола на ЈКП „Комуналец" – Свети Николе за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад.

ЈКП „Комуналец" – Свети Николе како давател на услугата се обврзува да го превземе, транспортира и депонира отпадот на градската депонија во Свети Николе.

Отпадот кој ќе го превземе, транспортира и депонира на градската депонија давателот на услугата претставува цврст индустриски – комерцијален отпад.

Отпадот ќе се превземе од имотот – дворнотот место на корисникот на услугата што се наоѓа во с.Амзабегово. Површината на Управната зграда изнесува **420 м²**, површината на стражара и кланица изнесува **105 м²** и површината на дворното место изнесува **3000 м²**.

**Член 3**

Давателот на услугата по завршената работа опишана во член 2 од овој договор ќе му достави фактура секој месец на корисникот на услугата, а за извршената работа од страна на давателот на услугата.

Висината на износот на месечната фактура се пресметува по редовните цени по кои работи давателот на услугата.

Цената по метар квадратен површина со одлука ја утврдува УО на претпријатието, а согласност на истата дава основачот – Совет на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот од имотот на корисникот на услугата ќе се врши по претходно барање од страна на корисникот на услугата.

Корисникот на услугата е должен отпадот да го селектира, да го спакува во соодветна амбалажа погодна за транспорт и депонирање и да го изложи на пристапно место во својот имот со цел давателот на услугата непречено да го превземе истиот и потоа да го транспортира и депонира на градската депонија.

Корисникот на услугата е должен редовно секој месец да ја плаќа фактурата од член 3 на овој договор во рок од 15 дена од денот на приемот на истата.

**Член 5**

Договорните страни се должни да ги почитуваат одредбите на овој договор.

Доколку се случи отпадот да не биде селектиран, да не биде спакован во соодветна амбалажа погодна за транспорт или не биде изложен на пристапно место во имотот на корисникот на услугата па поради тоа во текот на транспортот или депонирањето се случи некоја незгода, последица поради тоа како и настанувањето на евентуалната штета на физички или правни лица во целост ќе ја сноси корисникот на услугата.

**Член 6**

Евентуалните недоразбирања и спорни прашања кои можат да произлезат од овој догавор ќе се решаваат со взаемно разбирање и соработка, а во спротивно надлежен е Основен суд - Штип.

**Член 7**

Договорот е склучен во три еднообразни примероци, од кои по еден за двете договорни страни, а еден за службена употреба.

| | |
|---|---|
| **УНИ АГРО ДОО – Велес** | **ЈКП „Комуналец“ – Свети Николе** |
| **Управител** | **Директор,** |
| **Ненад Стојанов** | **Марјан Станојковски** |

**Прилог бр.V.3**: Договор со Ремондис Медисон ДОО Битола со арх.бр.0307-084 од 04.03.2021г.

бр. 0307-084
04.03 2021 год.

услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО
Бр. 0307/66
04.03 2021 год.
БИТОЛА

Д О Г О В О Р

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

НАРАЧАТЕЛ ПЗУ ---- ДПТУ Уни-Агро ----
Седиште на ул.---- Ново Село бб Велес ----
представувано од управителот ---- Ненад Стојанов ----
ЕДБ:---- 4004012508557 ----

**ИЗВРШИТЕЛ :** РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО од Битола,
со седиште на ул. Петар Петрович Његош бр.131 Битола,
ЕДМБ 4002990100656 , ж-ска 500 0000000241 80 ,
депонент на Стопанска Банка АД Битола,
претставувано од овластен претставник Том Верикен

**ПРЕДМЕТ, ЦЕНА, УСЛОВИ И РОКОВИ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е собирање, транспортирање и третман на медицинскиот отпад, односно превземање збир на активности и дејствија помеѓу Давателот на услугите и Корисникот на услугите како создавач на медицинскиот отпад, согласно Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на Р.М. бр. 68/2004, бр. 107/2007, бр.102/2008, и бр. 143/2008) и другите подзаконски акти и согласно

***дозволата за вршење дејност складирање и третман на опасен отпад бр. УП1-23-639/2016 од 03.11.2016 год. и***
***дозвола за вршење дејност собирање и транспорт на опасен отпад бр. 20 од 20.10.2016 год.***

**Член 2**

Дварелот на услугите се обврзува на Корисникот на услугите да му достави на користење потребен број на садови за собирање на медицински отпад и истите да ги собере, транспортира и третира во автоклав и депонира.

**Член 3**

Корисникот на услугите се обврзува да го складира медицинскиот отпад во добиените садови и истите да ги чува на соодветно место што самиот ќе го определи.
Секој сад во која ќе биде складиран медицинскиот отпад, мора да биде добро затворен и на видно место да биде наведен насловот на Корисникот-создавач на медицинскиот отпад.

**Член 4**

Медицинскиот отпад во течна состојба не е предмет на овој Договор.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ**

**Член 5**

Давателот на услугите нема да врши собирање, транспортирање и третирање во автоклав и депонирање на медицинскиот отпад, доколку Корисникот на услугите не го испочитува Член 3 од овој Договор.

**Член 6**

Корисникот на услугите, за секое собирање на медицинскиот отпад од соодветните садови на Давателот на услугите ќе му доставува уредно пополнет Идентификационен и Транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти.

**Член 7**

Давателот на услугите собирањето на медицинскиот отпад ќе го врши во присуство на овластени лица, за што ќе издава потврда која ќе биде потпишана од двете договорни страни.

**Член 8**

Корисникот на услугите е согласен доставените садови за собирање на медицински отпад најмалку еднаш во текот на месецот да ги предаде на Давателот на услугите за собирање, транспортирање и автоклавирање, за што ќе му биде доставена месечна фактура за извршените услуги.

**Член 9**

Договорните страни се согласни пресметаната тежина на садот за медицински отпад да изнесува 5 (пет) килограми. Цената за собирање, транспортирање и согорување на медицинскиот отпад изнесува 530,00 денари за еден сад со отпад, со пресметан ДДВ.

**Член 10**

Давателот на услугите на крајот на месецот ќе му фактурира на Корисникот на услугите. Корисникот на услугите се согласува доставените фактури да ги плати во рок не покасно од датумот на валута на фактурата.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Доколку Корисникот на услугите не ги испочитува одредбите од овој Договор и/или не плати 2 (две) последователни месечни фактури, Договорот ќе се смета за раскинат, а Давателот на услугите ќе достави писмено известување до Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и овластените инспекторати на општините, односно град Скопје.

**Член 12**

За се што не е договорено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на Законот за облигациони односи.

**Член 13**

Овој Договор е со важност од денот на неговото склучување и ќе има важност неопределено време.

**Член 14**

Договорот може да биде раскинат, доколку едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датумот кој го утврдила по престанокот на Договорот.

**Член 15**

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор, двете страни ќе го решаваат спогодбено. Ако не е тоа можно, надлежен е Основниот Суд Битола.

**Член 16**

Овој Договор е изготвен во 4(четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока потпишани заверени од двете спогодбени страни.

**Договорни страни**

**НАРАЧАТЕЛ:**

**ИЗВЕДУВАЧ:**
РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО Битола

**Прилог бр.V.4:** Табела-Количини создаден и предаден медицински отпад по години (2018г.-2023г.)

| Извештај за медицински отпад | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум | Број на фактура | Број на кутии | Количина на отпад во кг | |
| 16.01.2018 | 18-311-00199 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 15.02.2018 | 18-311-00920 | Еко Клуб | 7 | 50 |
| 15.03.2018 | 18-311-01606 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 18.04.2018 | 18-311-02250 | Еко Клуб | 7 | 35 |
| 15.05.2018 | 18-311-02961 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 14.06.2018 | 18-311-03891 | Еко Клуб | 3 | 15 |
| 14.06.2018 | 18-300-0004 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 08.08.2018 | 18-311-05114 | Еко Клуб | 7 | 35 |
| 01.10.2018 | 18-311-05910 | Еко Клуб | 7 | 35 |
| 12.11.2018 | 18-311-07269 | Еко Клуб | 5 | 20 |
| 12.12.2018 | 18-311-08149 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 11.01.2019 | 19-311-00002 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 12.03.2019 | 19-311-01570 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 09.04.2019 | 19-311-02342 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 09.05.2019 | 19-311-03117 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 10.06.2019 | 19-311-03891 | Еко Клуб | 7 | 35 |
| 08.07.2019 | 19-311-04677 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 07.08.2019 | 19-311-05400 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 10.09.2019 | 19-311-06205 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 01.10.2019 | 19-311-06875 | Еко Клуб | 4 | 1.5 |
| 09.10.2019 | 19-361-01503 | Еко Клуб | 5 | 1.5 |
| 09.10.2019 | 19-311-06930 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 06.11.2019 | 19-311-07703 | Еко Клуб | 3 | 15 |
| 05.12.2019 | 19-311-08579 | Еко Клуб | 6 | 30 |
| 06.02.2020 | 20-311-00862 | Еко Клуб | 9 | 45 |
| 09.03.2020 | 20-311-01731 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 06.04.2020 | 20-311-02385 | Еко Клуб | 5 | 25 |
| 06/05/2020 | 20-311-02848 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 03/06/2020 | 20-311-03286 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 07/07/2020 | 20-311-04252 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 01/09/2020 | 20-311-04961 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 10/09/2020 | 20-311-05639 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 05/10/2020 | 20-311-06403 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 04/11/2020 | 20-311-07264 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 12/01/2021 | 21-311-00166 | Ремондис Медисон | 4 | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 08/02/2021 | 21-311-00844 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 04/03/2021 | 21-311-01645 | Ремондис Медисон | 16 | 80 |
| 13/04/2021 | 21-311-02597 | Ремондис Медисон | 10 | 50 |
| 11/05/2021 | 21-311-03359 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 08/06/2021 | 21-311-04815 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 08/07/2021 | 21-311-05009 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 09/08/2021 | 21-311-05853 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 09/09/2021 | 21-311-06653 | Ремондис Медисон | 9 | 45 |
| 07/10/2021 | 21-311-07488 | Ремондис Медисон | 5 | 25 |
| 04/11/2021 | 21-311-08330 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 06/12/2021 | 21-311-09964 | Ремондис Медисон | 9 | 45 |
| 12/01/2022 | 22-311-00064 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 07/02/2022 | 22-311-00996 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 07/03/2022 | 22-311-01826 | Ремондис Медисон | 5 | 25 |
| 06/04/2022 | 22-311-02708 | Ремондис Медисон | 10 | 50 |
| 09/06/2022 | 22-311-04476 | Ремондис Медисон | 18 | 90 |
| 06/07/2022 | 22-311-05454 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 03/08/2022 | 22-311-06200 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 13/09/2022 | 22-311-07127 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 05/10/2022 | 22-311-07916 | Ремондис Медисон | 9 | 45 |
| 03/11/2022 | 22-311-08795 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 06/12/2022 | 22-311-09751 | Ремондис Медисон | 9 | 45 |
| 09/01/2023 | 23-311-00500 | Ремондис Медисон | 10 | 50 |
| 07/02/2023 | 23-311-01054 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 09/03/2023 | 23-311-02004 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 06/04/2023 | 23-311-03134 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 04/05/2023 | 23-311-03825 | Ремондис Медисон | 6 | 30 |
| 08/06/2023 | 23-311-04786 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 06/07/2023 | 23-311-05791 | Ремондис Медисон | 9 | 45 |
| 10/08/2023 | 23-311-06857 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |
| 07/09/2023 | 23-311-08220 | Ремондис Медисон | 7 | 35 |
| 06/10/2023 | 23-311-08456 | Ремондис Медисон | 5 | 25 |
| 10/11/2023 | 23-311-09410 | Ремондис Медисон | 8 | 40 |

**Прилог бр.V.5**: Испратница, Идентификационен и Транспортен формулар за медицински отпад

REMONDIS®
WORKING FOR THE FUTURE
Ремондис Медисон ДОО - Скопје, Ул. Перо Наков ББ
Ж-ска 500-0000000241-80
Деп.Стопанска Банка А.Д. - Битола
Тел/факс Скопје 02/2551-707
www.remondis.mk

18 01 2023 год.

**Испратница** ✻ 023007

До АПУ УНИ АГРО - С. НОВО СЕЛО

денес Ви ги доставивме следните добра:

| Ред. број | НАЗИВ | Количина | Цена | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ПОЛ. НА МЕД. ОТПАД | 10 кут | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Издал, ______ Заклучно со бр. ______ Примил, [signature]

ВНИМАВАЈ
Biohazard

Прилог 2

## ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН ФОРМУЛАР ЗА ОТПАД

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕДУВАЧОТ НА ОТПАДОТ

1.1 Назив/име на поседувачот: ДПТУ УНИ АГРО
1.2 Број на дозвола:
Број на IPPC дозвола:
1.3 Адреса/седиште: с. Ново Село б.б.
1.4 Локација на отпадот: с. Ново Село

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ

2.1 Име и презиме:
2.2 Телефон/факс:
2.3 E-mail:

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОТПАДОТ

3.1 Опис на отпадот: МЕДИЦИНСКИ ОТПАД
3.2 Шифра на отпадот: 1 8 0 1 0 3
3.3 Н - шифра: Н 9
3.4 Начин на пакување на отпадот:
3.5 Вкупна количина на отпад што се идентификува: 50 кг (t, m³)
3.6 Инсталација/фаза на процес од каде потекнува отпадот:
3.7 Вид на транспорт: ПАТЕН

### 4. ПЛАНИРАНИ ОПЕРАЦИИ СО ОТПАДОТ ШТО СЕ ИДЕНТИФИКУВА

АВТОКЛАВИРАЊЕ

Во с. Ново Село
Дата 18 01 2023

Одговорно лице: Исена Б

* УПАТСТВО ЗА БЕЗБЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД 72

## ТРАНСПОРТЕН ФОРМУЛАР ЗА ОТПАД

**1. Вид на отпад** (име): **МЕДИЦИНСКИ ОТПАД**

**2. Шифра на отпад:** 1 8 0 1 0 3 | **3. Количина на отпад:** 50 kg (t, m³)

**4. Поседувач:** ДПТУ УНИ АГРО

Адреса: С. НОВО СЕЛО ББ.

Вкупно предаден отпад на собирач / транспортер: 50 kg (t, m³)

Во: С. НОВО СЕЛО — Одговорно лице: [signature]

Дата на предавање: 18 01 2023

**5. Собирач/транспортер: РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО**

Адреса: **Ул. Перо Наков ББ Скопје**

Број на дозвола: **20 од 02.11.2016**

Вкупно примен отпад: 50 kg

Во: [illegible] — Потпис: [signature]

Дата на предавање: 18 01 2023

**6. Краен поседувач на отпадот: РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО**

Адреса: **Ул. Перо Наков ББ Скопје**

Вкупно примен отпад: 50 kg (t, m³)

Во: СКОПЈЕ — Одговорно лице: [signature]

Дата на предавање: 18 01 2023

**7. Почетна и крајна дестинација на отпадот:** ПЗУ СЕЛА ВЕЛЕС

**Скопје третман механички (Автоклавирање) Ремондис Медисон**

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Автоклавиран (Механички третман 190203)**

**Прилог бр.V.6:** Фактура, Товарен лист, Идентификационен и Транспортен формулар за метален отпад

**УНИ АГРО ДОО Велес**
**Адреса: Живко Фирфов 63, п.фах 94, 1400 Велес**
**тел.: +389 (0) 76229999**
**e-mail: smetkovodstvo@uniagro.mk**

**ЕДБ: МК4004012508557**
**Жиро сметки:**
**380477112402139 ПроКредит Банка**
**270067775380107 Халк Банка**

| **Купувач:** | **Примател:** |
|---|---|
| ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ<br>MKD4004006120059<br>АКАДЕМИК ПЕНЧО ДАВЧЕВ 212<br>МК-1400 Велес | ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ<br>MKD4004006120059<br>АКАДЕМИК ПЕНЧО ДАВЧЕВ 212<br>МК-1400 Велес |

**Одговорно лице за потпис на фактури:** Администратор
**Дат.на изд.исп** 03.04.2023
**Датум на валута** 03.04.2023
**Место, ден** 03.04.2023

## Испратница - Фактура 23-390-0116

| Идент | Назив | Количина | ЕМ | Цена со ДДВ | Цена без ДДВ | Р% | ДДВ % | Вредност без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 000530 | Материјали и отпадоци<br>ОТПАДНО ЖЕЛЕЗО | 8,160,00 | | 15,00 | 15,00 | 0,0 | 18 | 122,400,00 |

**ДДВ број** MKD4004006120059

**Со зборови** сто дваесет и два илјади четиристотини МКД 00/100

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО се** | **0.00** |
| **Основа ОДО** | **122,400.00** |
| **ДДВ** | **0.00** |
| **За плаќање МКД** | **122,400.00** |

| ДАНОЧНИ СТАПКИ | Основа | ДДВ | Вредност |
|---|---|---|---|
| Пренесување на даночна основа по чл.32-а - 18% | 122,400.00 | 22,032.00 | 122,400.00 |

При плаќање со платен налог наведете модел 12 и повик 2339000116000.

Издал: ____________ Примил: ____________ Одговорно лице за потпис на фактури: ____________

Лиценциран корисник: Uni Agro | Образец: ADL

Страница 1/1

## ТОВАРЕН ЛИСТ ЗА ВНАТРЕШЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА БР.____________

1.испраќач-продавач
(име,адреса,место)

2.примач-купувач
(име,адреса,место)

3.превозник
(име,адреса,место)

4.регистарски број на возило

5.место и дата на утовар
дата____________
место____________

6.место и дата на истовар
дата____________
место____________

7.податоци за стоката која се превезува

| Ознака/број | Број пакети | Вид амбалажа | Вид стока | Бруто тежина | Запремнина м³ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | фецес 8160кг | | |

8.забелешки и ограничувања на превозникот

9.дополнителни инструкции при превоз на стоката

10.робата ја превзема:
Дата:
Место:

| | | |
|---|---|---|
| 11.потпис и ознака на испраќачот | 12.потпис и ознака на превозникот | 13.потпис и ознака на примачот |

Прилог 2

**ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН ФОРМУЛАР ЗА ОТПАД**

| **1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕДУВАЧОТ НА ОТПАД** |
|---|
| 1.1 Назив/име на поседувачот:УНИ АГРО ДООЕЛ<br>1.2 Број на дозвола: Број на IPPC дозвола:<br>1.3 Адреса/седиште:ЖИВКО ФИРФОВ БР 63 Велес<br>1.4 Локација на отпадот:Велес |
| **2. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ** |
| 2.1 Име и презиме:<br>2.2 Телефон/факс<br>E-mail: |
| **3. ПОДАТОЦИ ЗА ОТПАДОТ** |
| 3.1 Опис на отпадот: ОТПАДНО ЖЕЛЕЗО ________<br>3.2 Шифра на отпадот 17 04 05<br>3.3. H - шифра: ☐☐☐<br>3.4. Начин на пакување на отпадот:рефус<br>3.5 Вкупна количина на отпад што се идентификува : 8160 (t, $m^3$)<br>3.6 Инсталација/фаза на процес од каде потекнува отпадот:<br>3.7 Вид на транспорт:Патен |
| **4. ПЛАНИРАНИ ОПЕРАЦИИ СО ОТПАДОТ ШТО СЕ ИДЕНТИФИКУВА** |
| а)<br>б)<br>в) |

Во ____ВЕЛЕС_______
Дата ____03.04.2023______

МП

Одговорно лице:

- 5 -

**Прилог 3**

**ТРАНСПОРТЕН ФОРМУЛАР ЗА ОТПАД**

**1.Вид на отпад** (име): _ОТПАДНО ЖЕЛЕЗО ________

**2.Шифра на отпад** **17 04 05**

**3. Количина на отпад** 8160кг (t, m³)

**4. Поседувач**: ____ УНИ АГРО ____________________________________

Адреса: _____ УЛ ЖИВКО ФИРФОВ Бр 63 ВЕЛЕС ________________________

Вкупно предаден отпад на собирач/транспортер: __________________________ (t, m³)

Во Велес___________ Одговорно лице:

Дата на предавање: _03.04.2023_________ МП ____________

**5. Собирач/транспортер (транспортер)** ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ _____________

Адреса: Академик Пенчо Давчев 212 Велес

Број на дозвола:

Вкупно примен отпад: ____________________ (t, m³)

Во ВЕЛЕС_____________ Потпис:

Дата на предавање: _03.04.2023______________ ______________

**6. Краен поседувач на отпадот**:: ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ _ ____________________________

Адреса: Академик Пенчо Давчев 212 Велес

Вкупно примен отпад: __________________ (t, m³)

Во _ВЕЛЕС________ Одговорно лице:

Дата на предавање:03.04.2023 МП ______________

**7. Почетна и крајна дестинација на отпадот:**

Велес УНИ АГРО –ВЕЛЕС почетна-(ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ( крајна)

Забелешка:

- 8 -

**Прилог бр.V.2.1:** Табела ОТПАД – Користење/одложување на опасен отпад

| Отпаден материјал | Шифра од Листата на видови отпад | Главен извор | Количина | | Преработка / Одложување во рамките на самата локација (начин и локација) | Преработка, реупотреба или рециклирање со Превземач (Метод, локација и превземач) | Одложување надвор од локацијата (Метод, локација и превземач) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | тони/месечно | $m^3$/месечно | | | |
| Медицински отпад од Ветеринарна амбуланта | 15 01 10* | Ветеринарна амбуланта | 0,078 | | / | Спакуван се превзема од овластено правно лице РЕМОНДИС МЕДИСОН доо – Битола врз основа на договор | / |

**Прилог бр.V.2.2:** Табела ОТПАД – Друг вид на користење/одложување на отпад

| Отпаден материјал | Шифра од Листата на видови отпад | Главен извор | Количина | | Преработка / Одложување во рамките на самата локација (начин и локација) | Преработка, реупотреба или рециклирање со Превземач (Метод, локација и превземач) | Одложување надвор од локацијата (Метод, локација и превземач) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | тони/месечно | $m^3$/месечно | | | |
| Животински измет, урина и ѓубриво | 02 01 06 | Течно изѓубрување од објекти во бетонски базени | 22.000 тони животински измет и 2.000 тони мил годишно односно вкупно околу 24.000 тони/годишно т.е. 2.000 тони/месечно | / | Привремено се собира во отворени базени – лагуни и се одлага на платоа | Се транспортира со камион-цистерна до земјоделски површини | Се аплицира како органско ѓубриво на сопствени земјоделски површини (државно земјиште кое се користи со Договор за концесија).<br><br>По потреба и на други површини на правни и физички лица (Договор со Агрософт ДОО) |
| Мил од миење и чистење | 02 01 01 | Од објектите за одгледување на свињи | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Отпад од животинско ткиво | 02 01 02 | Технолошка смртност на свињи | 80 тони годишно односно околу 6,6 тони месечно | / | Се закопуваат во земјена јама на одредена локација во Инсталацијата | / | / |
| Комерцијален (комунален) отпад | 20 03 01 | Работење на инсталација | | | / | Се предава на ЈКП Комуналец Свети Николе | / |
| Метален отпад | 02 01 10 | Поправки на опрема во Работилница | Неутврдени количини, зависни од ремонт и поправки | / | Се собираат во близина на Работилницата | Се предаваат на Отпад Дине-Велес | / |